[redacted]

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - Скопје

| Примено: | 20.02.2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 17 | | |

**From:** [redacted]
**Sent:** 20 February 2019 11:02
**To:** [redacted]

Почитувани,

Во врска со Вашата претставка доставена до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (наш бр.03-17 од 15.02.2019 година), со која барате да се провери *„дали смее да се емитува HRT 1, HRT 3 и HRT 4 во целост на операторот Неотел“*, Ве информираме за следново:

Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за телекомуникации и услуги НЕОТЕЛ ДОО увоз-извоз Скопје ги има регистрирано програмските сервиси HRT1, HRT3 и HRT4 врз основа на доставена изјава на одговорното лице на операторот, заверена на нотар, со која потврдува дека за реемитувањето на програмските сервиси операторот ги има уредени авторските и сродните права, согласно со Законот за авторските и сродните права, како и со склучени договори со колективното здружение за управување со авторските права „ЗАМП“. Со оглед на наведеното, Агенцијата на овој оператор му издаде Потврда за регистрација на програмски пакет.

Обврските на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои реемитуваат програмски сервиси се утврдени во член 143 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно операторите може да реемитуваат програмски сервиси на радиодифузери од други држави врз основа на регулирани авторски права и сродни права, согласно Законот за авторските права и сродните права. Според наведеното, доколку операторот НЕОТЕЛ ДОО увоз-извоз Скопје ги нема обезбедено правата за реемитување на дел од содржините на програмските сервиси HRT 1, HRT 3 и HRT 4 на територијата на Република Македонија, истиот е должен да ги затемни.

Со почит,

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И
АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

м-р Сашо Петрушевски,
Виш соработник во Одделение за заштита на авторските права
Сектор за стратешко планирање и авторски права

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Палата Панко Брашнаров, ул. „Македонија“ бр.38, 1000 Скопје
Тел.: +389 (0) 2 31 03 456

Факс: +389 (0) 2 31 03 400

s.petrushevski@avmu.mk

www.avmu.org.mk